Interreg - IPA CBC

HELP

CCI 2014 TC 16 I5CB 009

HELP

www.project-help.eu

# Како да реагирате за време на ПОЖАР?

Пожарот претставува неконтролирано горење на материи кое намерно или од невнимание го предизвикал човекот или е резултат на природни биолошки, физички или хемиски процеси и при тоа може да дојде до материјални штети од големи размери како и до загрозување на човечките животи.

## ВЕДНАШ НАПУШТЕТЕ ГИ ПРОСТОРИИТЕ!

Во истиот момент престанете со тоа што го работите, не обидувајте се да земете со вас одредени предмети и напуштете ги просториите колку што е можно побрзо и побезбедно.

## ВКЛУЧЕТЕ ГО АЛАРМОТ, ПОВИКАЈТЕ 193!

Вклучете го звучниот аларм за дојава на пожар и доколку имате телефон повикајте ја Противпожарната служба на телефонскиот број

**193**

## СЛЕДЕТЕ ГИ ЗНАЦИТЕ ЗА ИЗЛЕЗ!

FIRE EXIT

Во секој објект поставени се знаци за излез кон надворешниот дел одбележани со зелена боја. Следете ги овие знаци за безбедно напуштање на опожарениот објект.

## КЛЕКНЕТЕ НА ЗЕМЈА!

Доколку се појави чад клекнете на земја и движете се во клекната положба со цел да се избегне прекумерното вдишување на чад кој се крева во горниот дел од просторијата. Преку носот и устата ставете парче мокра ткаенина.

## НЕ ПАНИЧЕТЕ, ПОБАРАЈТЕ ПОМОШ!

Во случај кога чадот или огнот ви го попречува излезот, дојдете до првиот достапен прозор или тераса и викајте силно или побарајте помош на телефон и останете на линија додека да дојде помош. Внимавајте на рачките, не допирајте ги може да бидат жешки.

## НЕ УПОТРЕБУВАЈТЕ ГО ЛИФТОТ!

Никако не влегувајте во лифт за да излезете надвор. Движете се по скали или специјални излези кои се наменети за користење во случај на пожар.

## ЛЕГНЕТЕ НА ЗЕМЈА И ПРЕВРТУВАЈТЕ СЕ!

Ако вашата облека почне да гори, веднаш застанете, легнете на земја, покријте го лицето со вашите раце и почнете да се превртувате. Ова ќе овозможи да се намали протокот на воздух и полесно да се изгасне огнот.

## ОСТАНЕТЕ НАДВОР!

Кога ќе излезете надвор појдете на безбедно, претходно договорено место во случај на пожар и не враќајте се во опожарениот објект се до добивање на дозвола од одговорните лица.

## ТЕЛЕФОНИ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ!

ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА ................193
ПОЛИЦИЈА ...........................................192
ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ ..............194
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ .....195



EUROPEAN UNION

INTERNATIONAL HELLENIC UNIVERSITY

HELLENIC REPUBLIC
Ministry of Interior

CENTRE FOR DEVELOPMENT OF THE SOUTH-EAST REGION

HELLENIC RESCUE TEAM

*Проектот е ко-финансиран од Европска Унија и Националните Фондови на земјите учеснички*